УЧИЛИШЕН ВЕСНИК БР. 5

ООУ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ”
СКУДРИЊЕ
МАВРОВО И РОСТУШЕ

# МЛАДОСТ



Бесплатен примерок Јуни 2024 год.

Почитувани,

Со издавањето на петтиот број на нашиот училишен весник „МЛАДОСТ“ сакаме да ја доловиме работата во нашето училиште како современа воспитно-образовна установа - отворена кон потребите на учениците, наставниците и локалната заедница, препознатлива по високите училишни достигнувања и подготвеност за континуиран развој со силна заложба и посветеност од секој вработен во училиштето да придонесуваме во реализацијата на нашата мисија и визија.

Во тековнава учебна 2023/2024 година работевме напорно во реализација на барањата и потребите на учениците, наставниците и родителите.

Реализацијата на наставниот процес се реализираше успешно од нашите наставници со искрена поддршка на вас родителите и поддршка од локалната самоуправа

Денес ние остануваме доследно посветени на нашата мисија да обезбедиме добра подготовка, современа настава, а наставниците да ги водат учениците на патот кон подобра иднина.

## Мисија

Реализација на современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на доживотно учење

Во овој момент додека го читате нашиот и ваш училишен весник Ви посакувам добро здравје, среќа, радост, а со тоа и Вашиот живот биде исполнет со убави моменти, и секој ден негова нова страница со исполнета желба.

Да се чуваме од секое зло, зрачете со

## Визија

ООУ,,Блаже Конески,,-Скудриње-училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците во една безбедна и дисциплинирана средина

**МОТО: КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА**

# ДИРЕКТОР

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## БЕШИР РАМАДАНИ



Бешир Рамадани
директор

Роден во с. Скудриње Своето основно образование го завршив во родното село. Средно образование завршив во Средното музичко училиште во Штип . Дипломирав на Факултетот за музичка уметност –отсек музичка теорија и педагогија при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Како прв човек кој носи одлуки во една воспитно-образовна инстутуција не е ни најмалку едноставна работа , таа носи многу одговорност , бара посветеност и време.

Соработката со вработените кои ги релизираат работните задачи ,одговорно, точно со посветеност, зборуваат резултатите на учениците.

Со помош на Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, разни проекти, спонзорства и со несебично залагање на вработените, училишниот одбор и советот на родители го издигнуваме нашето училиште на рамниште со успешните во нашата држава.

**ЕДУКАЦИЈАТА НЕ СЕ ГРАДИ, СЕ ГРАДАТ И РАЗВИВААТ ЛУЃЕТО ШТО ЈА ВОДАТ ЕДУКАЦИЈАТА**

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиштето ,,Блаже Конески“-- Скудриње, Маврово и Ростуше е верифицирано со Решение бр. 1014/65 од 1.09.1996 година од Министерството за образование и наука . Во училиштето се организира и изведува настава за ученици од I до IX одделение. Училиштето е лоцирано во с.Скудриње со подрачни училишта во Присојница и Аџиевци, email:blazekoneskiskud@gmail.com, facebook страна: OU Blaze Koneski Skudrinje. Во поглед на внатрешна опременост, треба да се спомене дека во училиштето постојат 8 училници кои ги задоволуваат стандардите. Училниците се опремени со соодветни нагледни средста за кабинетска настава по физика, хемија, биологија, математика, Историја, Географија, Физичко и здрствено образование со Смарт-телевизори, Бели табли, како и кабинети со персонални компјутери за користење на информатичката технологија во наставата,а до сите училници е достапен интернет што го обезбедува училиштето а учениците можат да спортуваат на убаво опремено и оградено спортско игралиште. Во учебната 2023/2024 година беа опфатени вкупно 139 ученика во редовната настава распоредени во 17 паралелките Воспитно-образовната дејност на училиштето ја остварува 36 лица.

**ГОЛЕМА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО МИ БЕШЕ ШТО ПОЗИТИВНО ОДГОВОРИВ НА БАРАЊАТА ИЗНЕСЕНИ ВО ГОДИШНАТА АНКЕТА ОД УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

1. ЈАСНО ПОСТАВЕНИ ПРИОРИТЕТИ ПРЕДЛОЖЕНИ ВО АНКЕТИТЕ
2. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
3. СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ
4. КООРДИНАЦИЈА СО СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ И УЧИЛИШЕН ОДБОР
5. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МЕДАТ КУРТОВСКИ
6. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА, РЕГИОНОТ, ДРЖАВАТА И СТРАНСТВО.

## СОЗДАВАМЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО УЧИЛИШТЕТО

**1.РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛНИЦИ**





**2.ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВЕСИ И КОРНИЗИ**





**3.УРЕДЕН УЧИЛИШЕН ХОДНИК**





**4.НАГЛЕДНИ** СРЕДСТВА И ЛЕКТИРИ









## БЕЗБЕДЕН ПРИСТАПЕН ПАТ ДО УЧИЛИШТЕТО

**Безбедн пристап за лица со посебни потреби—рампа на влезната врата, како и безбедна ограда на зидот над чешмата и по главната патека, која продолжува на надолнината на главната патека до училиштето и безбедна ограда на новиот парк**






**Проширување на главната патека во надолнината и хортикултурно уредување на паркот со бетонирање на патека за безбеден влез во училиштето, бекатонска подлога околу детското игралиште за порамнување на нивото со детското игралиште**






**УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА И СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ - ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНДЕЛАБРИ ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕФЛЕКТОРИ**








**ИЗГРАДБА НА ЛЕТНИКОВЕЦ— СОБИРАЊЕ ГРАЃА, ПОСТАВУВАЊЕ ТЕМЕЛИ, ИЗРАБОТКА НА ГРАЃАТА, ФОРМИРАЊЕ ОСНОВА, ПОСТАВУВАЊЕ НА ЃЕРАМИДИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА МАСИ И СТОЛОВИ ФАРБАЊЕ НА ЛЕТНИКОВЕЦОТ, БЕТОНИРАЊЕ НА ПОДЛОГА**








**ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ** - ИЗГРАДБА И ФОРМИРАЊЕ НА ЕКО ПАРК
ЗАСАДУВАЊЕ НА ЦВЕЌИЊА, ИЗРАБОТКА НА ПОТПОРЕН ЗИД, ПОСТАВУВАЊЕ ГУМИ ЗА ЦВЕЌИЊА, БЕЗБЕДНОСНА ОГРАДА









СПОРТСКИ ТЕРЕН—ЕСТЕТКО УРЕДУВАЊЕ НА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН
ОСВЕТЛУВАЊЕ СО НОВИ РЕФЛЕКТОРИ








## ТОПОЛ ВЛЕЗ ДО НОВИТЕ РЕНОВИРАНИ ТОАЛЕТИ

СО ГОРДОСТ ГИ ПРЕЗЕНТИРАМЕ НАШИТЕ ТОАЛЕТИ ВО КОИ ВЛОЖИВМЕ МНОГУ ТРУД ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВАА АКТИВНОСТ. БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ КОЛЕГИ КОИ ДАДОА ГОЛЕМ ДОПРИНОС ОВА ДА ИЗГЛЕДА ВАКА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО СВЕТЛО ВО ТОАЛЕТИТЕ, РЕНОВИРАЊЕ НА ТОАЛЕТИТЕ, РУШЕЊЕ И ИЗГРАДБА НА НОВИ ЗИДОВИ, ПОСТАВУВАЊЕ ПОДЛОГА, ПЛОЧКИ, ГИПСАНИ ТАБЛИ, НОВА ОДБОДНА И ДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА, НОВИ УМИЈАЛНИЦИ, ОГЛЕДАЛА, ХИДРАНТ, НАСТАВНИЧКИ ТОАЛЕТ, ПРОЗОР, ВРАТИ

ПРЕД





ПОТОА

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**WEB СТРАНА: https:// ooublaze-koneskiskudrinje.edu.mk/ blazekoneski/**







**СОЦИЈАЛНА МРЕЖА FACEBOOK**

**УЧИЛИШНА БРОШУРА**



# МАЛ ДЕЛ ОД НАШИТЕ АКТИВНОСТИ

### СВЕЧЕН ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА





### ЕСЕНСКА  И ПРОЛЕТНА ЕКСКУРЗИЈА





### ЕКОЛОШКИ ВИКЕНД










## ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО



КОСТЕНИЈАДА МАКЕДОНСКИ БРОД

ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА „ СКУДРИЊЕ“ СО СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И НАСТАПИ Е ВИСТИНСКИ ПРОМОТОР И АМБАСАДОР НА КУЛТУРАТА, ОБИЧАИТЕ И ТРАДИЦИЈАТА НА СКУДРИЊЕ И ДОЛНОРЕКАНСКИОТ КРАЈ ШТО Е ПОКАЗАТЕЛ ЗА МНОГУБРОЈНИ НАСТАПИ ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО КАКО И ПОКАНИ ЗА СЛЕДНИ НАСТАПИ .

ПАТРОНЕН ПРАЗНИК



МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ—ЧАЛАКЛИ ВАЛАНДОВО



КУЛТУРЕН ДОМ РОСТУШЕ



ДЕН НА ОПШИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ



100 ГОДИНИ РЕПУБЛИКА ТУРКИЈЕ—МАНИСА



МЕЛНИЧКИ СРЕДБИ



100 ГОДИНИ РЕПУБЛИКА ТУРКИЈЕ—МАНИСА

**ГОЛЕМА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО НИ БЕШЕ ДА УЧЕСТВУВАМЕ НА ПРОСЛАВАТ ПО ПОВОД 100 ГОДИНИ ОСНОВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА ТУРКИЈЕ НА ПОКАНА НА ЗДРУЖЕНИЕТО МАК-ЃОЧ И ВАЛИЈАТА НА ГРАД МАНИСА.**



**ПРВ КОНЦЕРТ - ТАРЗАН МЕЈДАНИ**




**ВТОР КОНЦЕРТ—КАФЕ СЕРА**



**СО ГОРДОСТ СЕ ЗБОРУВА ЗА НАШАТА ФОЛКЛОРНА ГРУПА, ЗА НЕЈЗИНИТЕ НАСТАПИ, ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ , ПАТРОНИ ПРАЗНИЦИ, ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ, ЈУБИЛЕЈИ И ФЕСТИВАЛИ**

ТРЕТ НАСТАП—ЏУМХУРИЈЕТИ МЕЈДАНИ



**ГЛАВНО ДЕФИЛЕ—МАНИСА**



**ЧЕТВРТИ НАСТАП—ТРГОВСКИ ЦЕНТАР МАГНЕЗИА**



**ПЕТТИ НАСТАП—ТАРЗАН МЕЈДАНИ**



## СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПОЕДНИНЦИ, НЕВЛАДИНИ И ВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, БИЗНИС СЕКТОР, МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**Vo naseto uciliste prisustvuva presedatelot na zdruzenieto Mak Goc - Makedoniya od Manisa R.Turkiye Cevdet Comert Sorabotkata prodolzuva na kulturen plan i neguvanje na tradicionalnite vrednosti.**



**Vo nasheto uciliste gostin ni bese g-diin Muzafer od Bornova Izmir R. Turkiye koj ni donese golemi pozdravi od nasincite vo Izmir. Gi poseti nasite ucenici i napravi komunikacijs na turski**



**Честитки за подвигот. Ви посакуваме уште многу успеси  во вашите планинарски подвизи**



**ПОСЕТА НА НАШИНЦИТЕ ВО ИЗМИР**







**Ифтар 2024**





**Sekoja sredba so nasincite od Izmir R.Turkiye e dragocena. Blagodarnost za posetata i selamite od Skudrincanite od Candibi, Bornova**

**ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ ПОТИКНАТИ ОД СВОИТЕ НАСТАВНИЦИ— МЕНТОРИ УЧЕСТВУВАА НА ПОВЕЌЕ ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ И ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ, ДОКАЖУВАЈЌИ ДЕКА СМЕ РАВНОПРАВНИ СО СИТЕ УЧИЛИШТА ВО НАШАТА ТАТКОВИНА , А ВОЕДНО СЕ РЕАЛИЗИРА СОВРЕМЕНА НАСТАВА**

**Државен натпревар по Италијански јазик. Чест е да се биде меѓу најдобрите. Благодарност до менторот, ученикот и родителот**






Од нашето училиште на училишниот натпревар учествуваа: Белкиса Абдули (IX одд.), Амсел Јакупоски, Улвије Ајдини (VII одд.), Алден Бардули и Салем Рамадани (VI одд.). Од нив тројца (Б. Абдули, А. Јакупоски и У. Ајдини) се пласираа на регионален натпревар, а од нив двајца (Б. Абдули и А. Јакупоски) освоија прво место на регионалниот натпревар и учествуваа на










# Училишен спортски клуб (УСК) „Костен“ - Скудриње

На 15.11.2024 година во Гостивар се одржа меѓуопштински натпревар по одбојка во организација на Сојуз на училишен спорт Гостивар во спортската сала од основното училиште „Мустафа Кемал Ататурк“ од Гостивар се одиграа меѓуопштински натпревари за основни училишта по одбојка за женски.



Нашата екипа ја претставуваа следните ученички од IX одделение: Усније Јонузоска, Белкиса Абдули, Елдина Шемоска, Есмина Беќири, Ѓумазије Емини, Мухедина Адеми, Мирсада Касами и Ахмина Рамадани. Ова е првпат од нашето училиште да учествува женска екипа за одбојка.





Учениците беа предводени под менторство на наставниците Мухамед Јонузоски и Фикрет Максути.

# Натпревар по англиски јазик

На натпреварот по англиски јазик во Тетово учениците од ООУ „Блаже Конески“ кој што учествуваа беа:

Усније Јонузоска
Елдина Шемоска
Ахмина Рамадани
Гојарт Рамадани



# ОСЕТЛИВОСТ КАЈ ЖИВОТНИТЕ

За да можат да преживеат, животните треба да ја чувствуваат нивната животна средина на различни начини. Тие ги чувствуваат промените од животната средина како дразби. Овие дразби ги примаат преку соодветни рецептори. Рецепторите се изменети нервни клетки кои добиле специфична задача да примаат дразби од надворешната средина. Некои организми развиле специфични рецептори како приспособување на нивниот начин на живот.




**Лилјаците и делфините користат ехолокација**

Страничната линија кај рибите се состои од рецептори кои реагираат на промената на притисокот и на бранувањето на водата.






# Литературно Катче

## Слобода

Слобода е кога газам по тревата,
слобода е кога пливам по реката.
слобода е кога моите родители ме гушкаат,
и без резервно ме подржуваат.
**Мустафа Јакупоски**

Ние децата ја имаме најголемата слобода за избор на се.
Едно да посакаме,
нашите родители ни даваат две.
**Шабан Рамадани**

За мене слобода е да сум со моите другарчиња,
да се дружам и да играме фудбал. **Емирхан Асани**

Слободата е играта моја која
јас најмногу ја сакам,
фудбал си играме додека се стемни,
учиме да читаме додека се раздени. **Селхан Сејдију**



Дали има нешто повредно од слободата
мир, слобода и љубов
нека царуваат кај тебе,
па и кај мене.
**Халил Курто**

Слобода за мене е да живеам слободно без да имам
Страв од никого. Да можам да си играм со моите другарчиња
кога ќе посакам. Исто така би сакала
овој свет да биде без граници
за луѓето да можат да одат насекаде,

Во едно прекрасно мајско утро
се спушти една птица в лет,
размислуваше таа мудро
сакаше да го обиколи целиот свет.
**Берхан Зунуни**

Слободата е како пеперутката што лета,
слободата е сонце над нашите глави,
слободата е нај убав цвет,
слободата е послатка од мед.
**Мелих Максути**

## Во светот на физиката

Во светот на физиката силите се работат
Гравитација, сила, енергија се значајни факти.
Законот за одржување не може да се прекрши
Њутн со своите закони физиката ја прави блиска.
Физика и хемија, двете се важни,
Законите на природата во нив се скриени.
Со експерименти и формули се откриваат тајни,
Во светот на науката се осетуваат силни.
Во лабораторијата хемиијата е крал,
Реакции, елементи, молекули на бал.
Периодниот систем, таа табела е златна,
Со нејзиниот редослед хемијата е полна.
Во светот на физика и хемија значење се крие,
Воочувај ги законите и нови работи создај.
Науката не познава граници, таа е бескрајна,

MY SCHOOL

My school brings joy and happiness
My school calls all the children
In my school everyone study something
But some of us have a headache
In my school teachers are good and friendly
They give us knowledge, they give us strength
My school is a source of knowledge
And is decorated in several colours
Elif Asani 5th grade

**FRIENDSHIP AND WISDOM**

Doors swing wide, a joyful sound
School bells ring, on learning ground
Books in hand, we march and sing
Knowledge's light, our hearts take wing.
School, a haven, bright and grand
When minds ignite, and dreams expand
From science labs to history's lore
We build our futures, evermore
Friendships bloom, laughter rings
Teachers guide, with wisdom's wings
Challenges faced, lesson learned
Together, knowledge we've earned
School, a haven, bright and grand
Where minds ignite and dreams expand
From science labs to history's lore
We build our futures, evermore
Mediha Zununi 5th grade



## Сакам да бидам бенд-член

Сакам да бидам бенд-член
Но не можам да основам добар бенд:
Сите држат ист ритам,
А јас едвај со нив се климам.
Секој своето место го знае,
Свирењето ним лесно им трае.
Погледот од страна
Ниту една шанса не ми дава.
Сите заедно пеат
И гласно се смеат.
Зарем толку е тешко
Да испееш нешто смешно?
Да свириш на гитара
И да створиш мелодиска страна?
Зарем толку е тешко...
Зарем толку е тешко...
Сакам да бидам бенд-член,
Но не основав добар бенд.

**Улвије Ајдини**

## Последниот лист

Како убави украси
на дрвјата се бројат,
со почнувањето на пролетта
листовите се ројат.

Пролетта и летото
тие ни ги разубавуваат,
а во доцната есен
од нас се разделуваат.

Шумата пеплосана без бои,
Тажен е листот последен што стои.
Гордо се вее последниот лист,
мислиш нема да го напушти теренот свој,
дава отпор на ветерот тој
за да не падне и одлета во некој дол.

Дождот силен вчера го падна,
Маките му ги скрати,
Ама на пролет со радост
Ќе го чекаме листот пак да ни се врати.

## Животна средина

Животната средина
нѐ спојува сите нас,
затоа давам апел
на сиот мој глас!.

Таа е наш заеднички дом,
Кој треба да го чуваме,
Заедно здружени
Да се грижиме и негуваме.

Заедно слотени во едно,
Да работиме сите вредно,
Таква идеја да ни се роди
За да имаме чисти води.

Па така ќе имаме воздух чист,
Ќе ни биде зелен секој лист,
Сѐ зависи од нашата рака –
Тоа е мојата порака!

**Елдина Шемоска**